# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОРГАНИЗАЦИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ” ОД ПРОФ. Д-Р ЈАНКА ДИМИТРОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-189/6 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 22.12.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Оливера Ѓеоргиева-Трајковска, вонреден професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

– д-р Лилјана Конеска, редовен професор, Економски факултет, Европски универзитет - Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Организациски и сметководствени контролни системи**” од **проф. д-р Јанка Димитрова**, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Општи податоци за ракописот

Учебникот **„ОРГАНИЗАЦИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ“** од проф. д-р Јанка Димитрова претставува континуирана заложба на авторката да ја оформи потребната литература од областа на сметководствените контролни системи, наменет за студентите и професорите на Економски факултет кои се соочуваат со разработка на прашања од оваа современа проблематика. Ракописот е подготвен за потребите на студентите од студиските програми: Сметководство и ревизија, Финансии, Бизнис економија, менаџмент и претприемништво и Маркетинг менаџмент на Економскиот факултет во Штип и ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма Сметководствени контролни системи, застапена во трета академска година (V семестар, со неделен фонд на часови 6 (3+2+2).

### Значење на предметот кој се обработува во ракописот

Основна цел на ракописот е да им понуди на студентите да се здобијат со знаења во врска со значењето и улогата на организациските и сметководствените контролни системи за работењето и успешноста на претпријатијата. Преку изучување на материјата студентите ќе се запознаат со придобивките од воведувањето и имплементирањето на контролите кои треба да бидат воведени како во одделните деловни функции (набавка, продажба, управување со залихи, наплата и плаќање...), така и во административните сектори како што се правниот сектор, секторот за човечки ресурси, финансискиот сектор. Имплементацијата на контролно-аналитичките постапки е од исклучително важно значење во сметководствениот сектор, бидејќи преку него се лиферуват информации за состојбата, работењето и успешноста на компанијата.

Материјалот опфатен во овој ракопис обработува теми кои на студентите им обезбедуваат знаења и познавања за: поим, видови основање и организациска поставеност на деловните субјекти, улогата на контролата за успешно работење на компанијата, пишување на политики и процедури за работните процеси, организациски контроли и политики, финансиско, трошковно и управувачко сметководство – поим, карактеристики и разлики, финансиски извештаи – поим и видови и контролно-аналитички постапки во сметководствената евиденција и во презентираните финансиски извештаи.

**Податоци за обем на ракописот**

Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 302 страници, од кои на 295 страници е претставен основниот текст, на 7 страници се сместени 157 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Текстот во трудот е поткрепен со табеларни прегледи и графикони. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на организациските и сметководствените контролни системи. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обемем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на организациските и сметководствените контролни системи, за студентите, за деловните субјекти и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој ја обработува оваа проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој учебник е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината**

Имајќи ги предвид опсервациите и сознанијата за функционирањето и придобивките од воведените политики, процедури и контроли во претпријатијата и очекуваните трендови во иднина, содржината на оваа книга е компонирана во 2 главни дела и тоа:

- Организациски контролни системи и
- Сметководствени контролни системи.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во **првиот дел** со наслов *Организациски контролни системи* се обработени четири поглавја кои се искомпонирани за да ги опфатат сите сегменти на организационата поставеност, раководењето и контролите во деловните функции на претпријатието.

Во **вториот дел** со наслов *Сметководствени контролни системи* се обработени три поглавја кои се дизајнирани да ги опфатат сите аспекти на сметководствената евиденција и контролите кои треба да се направат пред составувањето на финансиските извештаи.

Во **првото поглавје** од првиот дел, со наслов ***Поим, видови основање и организациона поставеност на деловните субјекти***, се обработени поимот и типовите на организација и организациска структура, принципите на организирање и функциите на менаџментит.

**Второто поглавје** од првиот дел е посветено на ***Улогата на контролата за успешно работење на компанијата*** и овде е ставен акцент на контролингот и улогата на контролорот во компанијата, деловното планирање и контролингот, контролинг на трошоците и сметководство на трошоците, контролинг на продажбата и постпродажните активности, контролинг во маркетинг на продажни цени и одредување на условите за продажба, контролинг и управување со човечки ресурси, контролинг на инвестициски проекти, контролинг на набавка, производство и залихи и контролинг на информатичка технологија – извештаи за контролингот.

***Пишување на политики и процедури за работните процеси*** е обработено во **третото поглавје** од првиот дел со посебен акцент на поставувањето на административни, финансиски и сметководствени процедури, преку разработката на правната основа, зошто треба да се пишуваат процедурите за работните процеси, кои се важните аспекти при пишувањето на процедурите, проценка на ризикот при пишувањето на процедурите за работните процеси и нивоата на опишување на процесите. На крајот од ова поглавје се идентификувани контроли, политики и процедури кои треба да ги има секоја компанија согласно со внатрешната организација на деловните процеси и систематизација на работните места.

Тема на опсервација во **четвртото поглавје** од првиот е ***Организациски контроли и политики*** и овде се обработени контролите и политиките при набавките, контролите и политиките кај управувањето со залихите, контроли и политики за примање на нарачки и испорака на производи – продажба, контроли и политики кај фактурирањето, контроли за наплата на побарувања, контроли за прием на готовина, креирање на систем за наградување на менаџери и вработени и контрола на плата, контроли и политики за набавка на основни (постојани) средства и на крај контроли кај процесот на плаќање на сметки.

**Првото поглавје** од вториот дел е со наслов ***Финансиско, трошковно и управувачко сметководство – поим, карактеристики и разлики***, кое ги опфаќа разликите помеѓу финансиското и менаџерското сметководство, предусловите за развој на трошковното и управувачкото сметководство, планирање и подготовка на финансиски план, контроли за намалување на трошоците, утврдување на цените и надоместоците, соодветна организациска структура, делегирање на овластувања и одговорности, детална поделба на трошоците, соодветна информатичка поддршка, соработка на раководителите на деловните единици со раководителот на единицата за финансиски прашања и сметководствен систем на контрола.

***Финансиски извештаи – поим и видови*** е наслов на **второто поглавје** од вториот дел и во него се разработени следните тематски единици: сметките од контниот план според класи, групи и конта, принципот на двојно книговодство, сметководствените политики, сметководствената евиденција, финансиските извештаи и основи за подготовка на истите каде што е даден практичен пример на бруто биланс и комплетен сет на финансиски извештаи подготвен врз основа на податоците во бруто билансот.

Последното, **трето поглавје** од вториот дел носи наслов ***Контролно аналитички постапки во сметководствената евиденција и во презентираните финансиски извештаи*** и во него е обработена содржината на групите и на одделните сметки и сметководствени контроли кај истите. Овде е направена детална разработка на сите

сметки од класа 0 до класа 9 и се презентирани најважните контролни постапки кои треба да се направат со цел да се минимизира можноста од пропусти и грешки и да се откријат евентуални проневери, измами или кражби. На крајот се наведени контролите и аналитичките постапки кај Извештајот за парични текови и Извештајот за промени во главнината.

При изготвувањето на книгата **ОРГАНИЗАЦИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ** е консултирана широка домашна и странска литература од оваа област, како и домашната и меѓународната законска регулатива, а особено меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување. Посебен водич за пишување на овој учебник е учебникот „Accounting Control – Best Practices“ (Steven M. Bragg, John Wiley & Sons, Inc., 2006) во кој се презентирани американските искуства за основни и дополнителни контроли, како и политики и процедури во деловните процеси. Ваквите искуства во овој учебник се адаптирани на македонските услови пракси. Секако, овде е вткаено и долгогодишното искуство на авторот работејќи како овластен сметководител, ревизор, проценител, брокер, инвестициски советник, вешто лице, како и при истражувањето и наставата по предметите Сметководствени контролни системи, Ревизија, Интерна ревизија и Државна ревизија, со единствена цел, изворно и компетентно презентирање на материјата.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот „**ОРГАНИЗАЦИСКИ И СМЕТКОВОДСТВЕНИ КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ“** од проф. д-р Јанка Димитрова е систематски и логички подреден на современ начин во два главни дела - поглавја (тематски целини), каде што се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на организациските и сметководствените контролни системи како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие исто така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на развојот на контролните системи како регулирана институционализирана форма и како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип да му предложиме овој ракопис (учебник) со наслов „Организациски и сметководствени контролни системи” од проф. д-р Јанка Димитрова да го одобри за издавање.**

**Рецензенти**

**Д-р Оливера Ѓеоргиева-Трајковска, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Лилјана Конеска, редовен професор, с.р.**